**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 41 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Славица Грковска, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Радмила Шеќеринска, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Абдулади Вејсели, Савет Незери, Блерим Беџети, Али Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани, Мирјана Секуловска, Благој Зашов и Фијат Цановски, ,ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

Во салата има 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

Предлогот на Владата ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

**Предраг Трпевски:** Почитувани пратеници,

Законот за приватизација и закуп на градежно земјитеште во државна сопственост е донесен во месец јануари 2005 година, со цел корисниците на градежното земјиште кое е во државна сопственост, да стекнат право на приватна сопственост како и други права определени со овој закон.

Според овој закон правото за поднесување на барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост е две години и истекува на 25 јануари 2007 година. Затоа со измените на овој закон се предвидува овој рок да се продолжи уште за две години. Кои се причините да се продолжи?

Најчесто при поднесување на барање од страна на лицата, барањето треба да биде поткрепено со соодветна документација која се обезбедува од различни институции во Република Македонија, катастар, судови итн., при што од објективни причини лицата задоцниле и нема да стигнат да поднесат документи во предвидениот рок.

Мора да се истакне дека овој закон во изминатиот период не заживеал доволно затоа што не бил поткрепен и со соодветни подзаконски акти, како и регулатива која ќе го следи овој закон.

Морам да истакнам дека Министерството за финансии веќе работи на изготвување на подзаконските акти и целокупната регулатива која ќе го следи овој закон. Значи се работи за продолжување на рокот за поднесување на барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, уште за две години. Рокот истекува сега на 25 јануари 2007 година. Оттука е итноста за донесување на измените на овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 68 пратеници, за гласаа 67, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе закон за изменување на Законот за домување.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Миле Јакакиески:** Согласно постоечкиот закон за домување,рокот за трансформација на становите од општествена во приватна сопственост е 31 декември 2006 година. Подоцна во образложението ќе ги објаснам деталите.Значи предлагаме само да се пролонгира рокот до 31 декември 2007 година, со што на луѓето ќе им биде овозможено да си ги купат становите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 67, воздржани 1, против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за именување генерален секретар на Собранието на Република

Македонија, предлог именување членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, Предлог одлука за разрешување и именување на претседател, член и заменик член на Комисијата за решавање жалби во областа на енергетиката и Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашање на изборите и именувањата, ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

Согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам на оваа седница да се разгледаат Предлог одлуките кои вие ги прочитавте.

Прво, потребно е генерален секретар кој долго време е непополнето место во Собранието на Република Македонија, да се пополни со лице кое Комисијата го предложи и затоа е неопходно на оваа седница да се разгледа оваа точка, за да може да функционира Собранието во полн состав.

Второ, членовите на Државната комисија за спречување на корупција, во сегашниот состав, што им е продолжен мандатот до изборот на новите членови на Комисијата, неопходно е по донесувањето на Одлуката на Комисијата за прашања на избори и именувања, да одлучува ова Собрание, да можат да ја извршуваат новите членови согласно новите овластувања што ги имаат од Законот за спречување на корупција.

Исто така, со оглед на тоа што имаме обврска за формирање на комисија за надзор над работата на спроведување на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерство за внатрешни работи и од Министерството за одбрана, се создаде основ на претходната седница, на 24, кога се дополни одлуката за формирање на работни тела и се формира комисијата која согласно овластувањата и надлежностите што ги има согласно Законот за следење на комуникациите, Комисијата за прашања на изборите и именувањето, на вчерашната седница на донесе таа одлука и неопходно е што побрзо да се формира оваа комисија, Собранието да ја формира затоа што ние сме обврзани согласно рокот што го имаме од Законот за следење на комуникациите, во рок од 60 дена од стапување во сила на Законот за следење на комуникациите да се формира таа комисија. Неопходно е на оваа седница да се формира таа комисија за да не се пробие рокот кој произлегува од Законот за следење на комуникациите.

Исто така, неопходно е на оваа седница да се разгледа и измената и дополнувањето на одлуката за разрешување и именување на претседател,член и заменик член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката затоа што на одредени членови им истече мандатот, а претседателот на таа комисија поднесе оставка па мора да се пополни со соодветни личности.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата, предлогот за именување генерален секретар на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 64, воздржани 2, против 1.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлогот за именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 гласале за, воздржани нема, против еден.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата се присутни 72 пратеници.

Според тоа гласањето е валидно.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлогот на Одлуката за разрешување и именување претседател, член и заменик на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 60, воздржан еден против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници сите 58 гласале за.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата имаше 74 пратеници.

Според тоа гласањето е валидно.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница на Собранието го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;

2. Предлог на закон за изменување на Законот за домување;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за технолошки индустриски развојни зони со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации со Предлог на закон;

6. Предлог за именување генерален секретар на Собранието на Република Македонија;

7. Предлог за именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;

8. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, член и заменик член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката;

9. Предлог на одлука за дополнување на Одкуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Република Македонија.

Дали има предлог за изменување на предложениот дневен ред? (нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 63, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

2

**Љубиша Георгиевски: Минуваме на точка 1- Предлог за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.**

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Претставникот на Владата образложувајќи ја итноста на овој закон кажа дека не се донесени некои од подзаконските акти заради кои е спречено спроведувањето на законот, што веројатно е точно, затоа што има поголем број на ресори кои треба да донесат подзаконски акти произлезени од овој закон. Меѓутоа, една од клучните работи на вој закон се цените по кои Владата има намера да го приватизира градежното земјиште на кое е дадено право на трајно користење. Тој подзаконски акт очигледно дека не е донесен. Ме интересира ставот на Владата со оглед дека го продолжува за само две години. Дали мисли, односно кога мисли да го донесе тој подзаконски акт и какви се намерите на Владата за утврдување на цените за приватизација на градежното земјиште што е дадено на трајно користење, а не е приватизирано од страна на државата на правни, или на физички лица.

**Љубиша Георгиевски:** Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе. Сосема кратко, значи ова кое што се предлага, оваа измена која што се предлага во членот 27 со зборот “две” се заменува со зборот “четири”. Во принцип е во интерес на граѓаните на Република Македонија. Но, јас би ја искористил оваа ситуација да напоменам, или да го информирам министерот дека голем дел на граѓаните оваа информација за преземање на активностите околу регулирање на сопственоста на градежното земјиште на кое што имаат изградено индивидуални станбени објекти и се во нивна сопственост, не стигнува до нив. Значи, од практични причини јас би препорачал да се изнајдат некои механизми и форми како до граѓаните да допре таа информација со поширока елаборација, односно образложение дека треба да пристапат кон вакви активности, бидејќи ако не се преземат такви активности, такви мерки и овие две години кои што ги даваме како дополнителен рок за регулирање на сопственоста на градежното земјиште, ќе бидат премалку. Значи, е во интерес на граѓаните, но треба да биде пропратено со една поширока медиумска кампања во која што ќе бидат информирани грѓаните за нивната обврска, односно нивното право.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор заменик министерот за финансии, Предраг Трпески.

**Предраг Трпески:** Подзаконскиот акт со кој што ќе се определи цената по која ќе се продава државното земјиште ќе биде донесен во скоро време. Подетално за тоа не би можел сега да ви образложам, но во наредната ситуација ќе имаме подетални информации. Инаку, веќе знам дека се изготвува овој подзаконски акт.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

28/3.-

Гласале 65 пратеници. 65 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

**Минуваме на точката 2-Предлог на закон за изменување на Законот за домување.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници. 65 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за домување.

**Минуваме на точката 3-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, госпоѓо министер, колеги пратеници, најнапред ќе ве потсетам малку за тоа како се одвиваше целокупниот процес на донесување на законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица. Законот е донесен во месец септември 2005 година. Истиот отпочна да се применува од 4.01.2006 година со што започна примената на едношалтерскиот систем во Република Македонија. Надлежна институција за водење на едношалтерскиот систем и за регистрација на трговските друштва е Централниот регистар на Република Македонија. Овој проект навистина беше значаен и во фазата на неговото подготвување навистина предизвика внимание од страна на јавноста во Република Македонија, посебно од заинтересираните за регистрација на трговски друштва и за сите измени кои што согласно Законот можат да се прават. Имаше најразлични коментари, меѓутоа еве веќе имаме полна година како функционира едношалтерскиот систем и во пракса дава позитивни резултати во најголемиот број на случаи. Тие резултати кои што до сега се постигнаа укажуваат дека регистрацијата на трговските друштва, иако во Законот е предвиден рок од пет дена, практично се врши за рок од три дена. Секако можеме да разговараме и за прашања кои што во пракса предизвикуваат проблеми, но за тоа ќе зборувам малку подоцна. Јас се согласувам да се анализира имплементацијата на законите, тоа е многу важно, се согласувам со тоа дека треба да се прават измени и дополнвуања онаму каде што се појавуваат некои прашања и точки кои што во пракса создаваат проблеми. Но, навистина се сомневам дека овие измени и дополнувања што денес ни се предлагаат ќе предизвикаат подобрување на веќе воспоставената пракса, туку напротив сметам дека ќе внесат уште поголема забуна, а и ќе ги загрозат интересите на заинтереисраните страни во оваа постапка.

Ќе почнам по ред. Едно од прашањата за што се интервенира, или две од прашањата за кои што се интервенира околу роковите, сметам дека се предложени од страна на Владата само заради чист популизам, со настојување и овој проект со овие измени и дополнувања на одреден начин да се присвои како проект зад кој стои оваа Влада, а не претходната. Јас и во претходните дискусии мои овде во Парламентот имам истакнато дека не треба да ги делиме ниту луѓето, ниту проблемите, ниту процесите на ваши и наши, тоа се наши заеднички процеси. Треба да признаеме што е добро што некој друг го направил, а да најдеме начин и заедничка сила да собереме да ги надминуваме оние прашања кои што во моментот создаваат проблеми. И токму затоа сметам дека нема ништо значајно да се постигне со членот 3 од овој закон каде што се вели дека Управата за јавни приходи доставувањето на единствениот даночен број ќе го врши во рок од 20 часа од доставување на податоците од страна на Централниот регистар, затоа што и до сега сметам дека овие податоци во овие рокови се добиваа од страна на Управата за јавни приходи. Добро е што се врши озаконување. Но, сметам дека сепак е чист популизам заради тоа што праксата покажува нешто друго. Тука е и рокот, како што споменав во кој мора да се изврши регистрација во постојниот текст е наведен рокот од пет дена, а со овој текст се заменува со зборот"три работни дена". Можеме сите да ги добиеме податоците од Централниот регистар и навистина да се констатира дека во пракса скоро во сите случаи регистрирањето се врши во рок од три дена. Сметам дека навистина Парламентот има многу поважни работи за кои што може да расправа и да одлучува, отколку дефинирање на рокови кои што и до сега не прават никаков проблем, туку се покажува дека институциите функционираат во рокови многу пократки од оние што се како крајни рокови предвидени во овој закон.

Тука сега во овој закон се предлагаат и некои работи за кои што сметам дека не им е местото овде, се предлагаат работи кои што во пракса ќе воведат забуна. Тоа е предложениот член 7 со кој се предвидува измена на членот 39 став 1, точка 2, затоа што сметам дека од Централниот регистар оваа одредба ќе направи само едно формално тело, не само од Централниот

регистар, туку и од регистраторот. Па си поставувам прашање, зошто ако толку се формализира димензијата и на регистраторот во законот ќе останат одредбите каде што се предвидени услови кои мора да ги исполни регистраторот за да може да ја врши оваа, јас би рекла, значајна функција која со овие измени и дополнувања апсолутно се минимизира. Што сакам да кажам? Во измените на членот 7 став 2 се вели дека  при уписот регистраторот, морам ова да го цитирам од законот не ја испитуваат законитоста и вистинитоста на содржината на прилозите, исправите и доказите што се поднесуваат при упис во регистрите, не ја испитува законитоста на постапката во која тие се донесени, не испитува дали податоците што се запишуваат во регистрите се вистинити и во согласност со закон. Па ако не го прави ова регистраторот, што ќе прави? Наместо да се размислува за измени и дополнување во Законот за трговски друштва од каде што е оваа одредба превземена. Знам што ќе одговори госпоѓата министер, се прави сосема нешто друго. Во овој закон се внесуваат одредби од Законот за трговски друштва кои што ќе овозможат, значи без ваква обврска на поставување од страна на регистраторот, материјалната незаконитост во случај кога постои материјална незаконитост, формално да се озакони. Значи, една механичка одлука  ќе има регистраторот. Тој нема ништо да испитува, туку ќе формализира материјална незаконитост. На ова се надоврзува прашањето и за примената на Законот за општа управна постапка. Јас колеги се извинувам, можеби не ви се интересни овие прашања што навистина се од правна природа, но таква е проблематиката и морам на овој начин да ги искажам.

Во законот за едношалтерски систем субсидиерна примена има Законот за општа управна постапка. Правниците знаат дека во Законот за општа управна постапка едно од најзначајните начела е начелото на материјална вистина. Значи, од една страна ќе имаме обрска да го почитуваме начелото на материјална вистина, а од друга страна му ги одземаме обврските на регистраторот да навлегува во оваа проблематика и ќе озаконува формална материјална незаконитост. Токму затоа јас сметам дека овие одредби навистина не се во функција на реформите и ќе создадат забуна во праксата.

На ова  се надоврзува уште едно прашање, а тоа е  правото на жалба. Со членот 9 од Предлог-законот правото на жалба се дозволува единствено на подносителот на барањето за упис, а не и за другите заинтересирани субјекти. Како може со овој закон, тоа што е предвидено во Законот за општа управна постапка како лекс генералис да се укине, бидејќи во Законот за општа управна постапка е предвидено правото на жалба. Реков, не сме сите правници за да се разбереме подобро. Сега ќе зборувам со еден подруг речник како би изгледало сево ова во една друга постапка која што на сите нам ни е добро позната, а тоа се изборните процеси и изборното законодавство и правните лекови во изборната постапка. Сите знаеме во избори колку сме заинтересирани секоја од партиите да добие поголем број пратеници. Ова во пракса значи во сферата на изборите, ако се сведе би значело вака. Ако одредена партија при утврдување на резултатите добие на пример одреден број на пратеници, по приговор од страна на друга партија, ако изгуби еден, или двајца пратеници како што е до сега праксата да има право на жалба до Врховниот суд каде што ќе може врз основа на други аргументи што ги има да ја докаже вистинитоста. Сега во сферата на трговскиот регистар, едношалтерскиот систем ова право нема да го има. Дали вие се согласувате колеги пратеници,  во изборното законодавство партиите да го губат правото на жалба до Врховниот суд, за да докажат нешто што е вистина. Ова значи дека наспроти заинтересираноста на нас 120 овде да се бориме за пратеничките места, во Трговскиот регистар за правата во едношалтерскиот систем многу е поголем бројот на граѓаните на заинтересираните лица да ги остваруваат своите права во таа постапка. И кога ќе се спојат овие две работи, начнот на кој што треба да работи регистраторот кој само ќе се сведе на гола форма и немањето, или одземањето на право на жалба на заинтересираното лице, мислам дека во пракса ќе се создаде хаос. За да ја покажам дилемата, морам да истакнам дека подносителот на овие измени и дополнувања во изминатиов период не ја проучил ниту праксата која што постои до сега, воспоставена пракса од страна на Централниот регистар, Второстепената комисија во Влада и Врховниот суд  кој што одлучува во управен спор, бидејќи ако таа пракса се проучела, сигурна сум дека овој предлог немаше да биде даден во ваква форма. Затоа што веќе има пракса каде што Врховниот суд, одлучувајќи по управен спор постапува различно од она што овде се озаконува.

И во однос на правата на регистраторот, значи во однос на материјалната вистина што е основно начело во општата управна постапка и во однос на правото на заштита кое што го имаат сите заинтересирани лица. И токму затоа сметам  и апелирам до вас сите добро да размислиме, дали е добро да се поддржи овој закон, или пак ќе најде сила и поддршка од Владата госпоѓата министер овој предлог да го повлече, па и во консултации, во соработка со правни експерти врз основа на досегашната пракса и во Централниот регистар и врз основа на одлуките во Врховниот суд да се дадат други предложени решенија. Во спротивно мислам дека навистина ќе биде голем бројот на лицата чии што интереси ќе бидат повредени од ваквиот начин на дефинирање на постапката.

Во однос на прашањата за усогласување со Законот за прекршоци, мислам дека неминовно се наметнува потребата од усогласување, а тоа не е само со овој закон, туку и со други законски

потреби. Но, за да имаме усогласеност со едношалтерскиот систем и со другите закони што сметам дека само како форма го истакнува Владата. Ќе го споменам законот за здруженија на граѓани кој еве чека на дневен ред, беше поставен како приоритет, се одложи расправата, се закажа на 15 јануари, се одложи, што сметам дека само го покажува ставот на Владата кон овие прашања и заинтересираноста за тоа дали навистина едношалтерскиот систем треба да профункционира еднакво за сите видови субјекти кои што се регистрираат. Но, Владата наместо да најде начин да ги усогласи одредбите, да најде начин како овој закон за здруженија на граѓани да биде приоритет и да се донесе. Имавме можност да видиме со Законот за исмени и дополнување на Законот за политички партии ја остави регистрацијата за политичките партии пред судовите, па и тука се создава забуна како ќе се вади матичниот број и тн. Значи имаме една ситуација, наместо да ги усогласуваме законите и како што е сега случајот како што споменав, врз основа на овој закон кој подоцна е донесен да се направат измени во Законот за трговски друштва, имаме би рекла вртење во круг, меѓутоа без конкретна идеја, без идеја како да се заштитат лицата кои што остваруваат права во овие постапки.

Токму затоа почитувани колеги, иако нашата желба е навистина да помогнеме во афирмација на овој процес што беше во претходниот период започнат, во процесот што се нарекува едношалтерски систем, водење на трговски регистар и регистар на други правни лица.

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа воздржано за овој законски проект.

Уште еднаш ќе апелирам до госпоѓата министер, сметам дека е добро законот да го повлече и да ги имаат во предвид сите овие аргументи што претходно ги изнесов.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Јас само кратко ќе укажам на некои работи.

Прво, останувам на ставот дека навистина е многу лошо, особено кога менвуаме вакви системски закони да се оди на донесување на закони во итна постапка, затоа што ќе ни се случува наместо да дополниме некои празнини кои што ги има постоечкиот Закон, уште повеќе да ја збркаме работата и да ја усложниме.

3

**Цветанка Иванова: (Продолжение)**

Реагирам во иднина вака да не се постапува со така сериозни закони.

Потребата од донесување на ваков закон, единствено јас би утврдила, само заради усогласување на законот со Законот за прекршоци, кој што навистина е донесен. Законот за прекршоци е донесен после донесувањето на овој закон и тука има потреба од вакво усогласување и евентуално потреба околу воведувањето на институтот за изземање на регистарот. Инаку, овие одредби кои што ни се нудат тука, навистина се политички и не се толку итни за да мора законот да се донесува во итна постапка.

Јас сакам да укажам дека добро е што се воведува институтот на изземање на регистарот, но сметам дека вака како што е срочено решението за изземање во членот 19 -А, не е добро. Бидејќи се донесува законот по итна постапка и бидејќи работиме така како што работиме, немавме време да дадеме амандмани, и ако до завршувањето на претресот имаме право по Деловникот, но тоа може да го стори и предлагачот. Воведен е институтот на изземање на регистарот, без да се определат субјектите кои имаат право да бараа изземање на регистарот. Ова ќе придонесе за дополнителна конфузија во оваа постапка. Затоа предлагам, предлагачот во членот 19-А во првиот став да утврди можност, односно да утврди право за изземање и во ставот 2 понатаму, бидејќи ќе следува по ставот 1 да го утврди кругот на субјектите кои што ќе бараат изземање на регистарот.

Во членот 8 со кој што се намалуваат деновите или рокот на уписот од 5 на 3 работни дена, јас бидејќи вака отприлика ја следам оваа материја, мислам дека ова е популизам. Ако може Централниот регистар да ги заврши работите во овие три работни дена, а јас се сомневам дека ќе може да ги извршува сите работи во рок од три дена, но ветивте забрзување на постапката, гилотина, ова го потврдува тоа, ќе видиме дали навистина во пракса ова ќе функционира.

На крајот, јас не знам повторно да ви кажам дали ќе има предлагачот амандмани. Доколку нема, завршната одредба од членот 16, што го регулира отпочнувањето на примена на законот и влегување во сила на законот, рокот кој што ви е утврден е поминат, бидејќи се работи за закон после повторно да не пристапување кон измени и дополнувања на нешто што не сме го виделе, поднесете амандман и допрецизирајте. И едно сумарно мое мислење, јас мислам дека прво има потреба заради усогласување со Законот за прекршоци и добро е што се воведува институтот за изземање, но бидејќи не е добро изработен текстот според мене, од овие причини ќе гласаме воздржано. И доколку сметате дека моите забелешки се во ред, мислам дека е добро да се прифатат и да поднесете амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави госпоѓа Ристана Лалчевска. Повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе. Еве, накратко, иако веќе некој од забелешките кој ги имав да ги кажам по однос на текстот на законот, бидејќи е неспорна потребата дека

треба да се извршат некои корекции на Законот за едношалтерски систем, ќе започнам од она што го кажа претходниот говорник со барање, предлагачот да го усогласи членот 16 од Предлогот, бидејќи датумот кој е даден за отпочнување на примена на законот, веќе одамна е истечен. Значи, 01.01.2007 е поминат. Денеска сме 25.01.2007. Значи ова мора да го корегира бидејќи ќе дојде до забуна околу отпочнувањето на примената на овие измени на законот. Ваков пропуст направивме неодамна и сега мораме тоа да го корегираме со еден друг закон и затоа благовремено укажувам на ова.

По однос на правото на жалба, она за што говореше мојата ценета колешка Мери во предлогот е дадено, против решението за упис право на жалба да има единствено подносителот на барањето за упис, што е сосема во ред. Бидејќи, другите субјекти кои се заинтересирани можат да остварат во постапка пред надлежен суд, ако сметаат дека некое право е повредено. Токму заради ефикасноста на постапката тука е дадено само на оној што бара право на упис. За мене тука нема дилема. Меѓутоа, останува дилемата околу прашањето за утврдување на субјектите кои ќе бараат изземање. Она што го говореше колешката Цветанка. Навистина би сакала да слушнам нешто од предлагачот околу оваа одредба, бидејќи кај мене се јавуваат некои слични дилеми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи немаме доволен број на пратеници во салата, гласањето е неважечко. Ќе го повториме.

Давам пет минути пауза, додека дојдат пратениците.

Ги повикувам присутните пратеници во зградата да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата има 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 51, воздржани 7, против нема.

Молам уште еднаш да доставите точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето има помалку два пратеника.

Значи во моментот на гласањето имало 62 пратеника. Сега се 64 пратеника.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето имавме 64 присутни пратеници, гласале 59, за гласале 52, воздржан 1, против 6 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Очигледно е дека сето она што го зборувавме без никаква политичка заднина, туку навистина побудени од желбата да придонесеме нешто, реформите што се правеа да не бидат закочени и да продолжиме понатаму. За тоа Владата нема никаков слух и јас сакам уште еднаш да ја изразам својата загриженост од тоа што ќе биде предизвикано со примената на овие законски одредби. Праксата ќе го покаже тоа, верувам, иако госпоѓата министер уште еднаш има можност, барем Предлог законо да го повлече, за да може да се надминат овие проблематични точки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 51, воздржани 8, против 4 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Повелете, господине Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Согласно член 74 од Деловникот на Собранието на Република Македонија барам поддршка од десет пратеници, точките 6, 7, 8 и 9 прво да се разгледуваат и да бидат точки 4, 5, 6 и 7, а на крајот да бидат разгледани точките 4 и 5 како 8 и 9, затоа што, како што кажав и претходно пред ставање на овие точки, во однос на овие точки, треба да се разгледаат, поготово за Антикорупциската комисија побрзо и поитно и сметам дека овие точки претходно да се разгледаат, очекувајќи по овие закони да се развие дискусија. Овие се кадровски работи кои што вообичаено досега се ставаа како први точки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

(Повеќе од 10 пратеници го поддржуваат предлогот со кревање рака).

Констатирам дека предлогот има подршка.

Според тоа, предлогот на пратеникот Трајко Вељаноски го ставам на гласање.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 68 пратеници, гласале 54 пратеници, за предлогот гласале 52 пратеника, воздржано не гласал никој, против 2 пратеника.

Предлогот на пратеникот Трајко Вељаноски е прифатен.

Сега давам пет минути пауза, мислам дека пет минути е доволн брз рок за да се преориентираме, за да не направиме галиматијас, па после ќе изгубиме половина час.

Процедурално има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Токму затоа ја барам мојата интервенција. Сепак сакам вас од парламентарното мнозинство да ве замолам службите да не го менуваат дневниот ред, технички, додека не го слушнете мојот предлог од едноставна причина. Имено, воопшто не можам да ја сватам работата во овој Парламент. Не можам да сватам зошто од една страна Владата постојано не критикува дека не ги донесуваме законите од областа на економијата, од друга страна парламентарното мнозинство и вие како претседател не ни дозволувате да дојдеме да расправаме за точките од економијата. Тоа го зборував пред некој ден.

Сега беше на ред точката за индустриски економски зони. Во овој Парламент пратениците, како што се гледа и по првите точки, многу трезвено, конструктивно и кратко расправаа за законите кои се од економијата. Јас ве уверувам, по ова што сега го направивте, дека оваа точка нема денес да дојде на дневен ред. Денес ќе ја прекинете и оваа седница во 18,00 часот, во понеделник ќе имаме седница на која ќе се расправа за Деловникот и точките од областа на економијата повторно нема да дојдат на дневен ред. Повторно нема да дојде точката за стачајните работници, повторно нема да го усвоиме законот за индустриски технолошки зони. Јас знам, да кажам народски џабе е да барам гласање, но формално ќе побарам гласање за мојот предлог.

Сакам да ве замолам дајте да ги поминеме овие неколку закони, посебно законот за индустриски технолошки зони, во понеделник да закажеме седница на која ќе го разгледуваме законот за пензиско и инвалидско осигурување за стечајните работници, да ги изнесеме своите ставови и да можеме така да работиме. Не можам да сватам зошто ова е потребно. Ве уверувам дека за индустриски технолошки зони нема повеќе од два часа да изгубиме, а од друга страна ќе ги спречиме во Министерството за економија и не знам зошто вие од парламентарното мнозинство ги спречувате да доаѓаат странските инвеститори во Македонија. Вчера промовиравте во име на Владата дека ќе се рекламирате, а сега не сакате да го донесеме законот.

Да завршам, мојот предлог е и барам подршка од 10 пратеници, прво да расправаме за индустрисктие технолошки зони, односно за законот, а после тоа за сите други именувања и предлози кои верувајте ќе предизвикаат голема расправа во Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Високо го почитувам вашиот ангажман тематски да се дискутира за економијата, тоа е многу добро. Меѓутоа, процедурата си е процедура, таа е како што видовте самиот изведена многу чисто, гласавме, сега тоа е иреверзибилно, сега пак да гласаме не е голем проблем, но не чини процедурално за исто нешто да се гласа два пати.

(Реакција од пратеници предлогот да се стави на гласање).

Предлогот на пратеникот Најдовски има подршка од 10 пратеници.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 14, воздржано 1, против 47.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално за збор се јави пратеникот Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Навистина процедурално морам да реагирам бидејки освен гласањето или барањето за гласање, што е нормална работа и предлог е, значи не е ни процедурално, се друго беше една тешка демагогија од колегата Најдовски. Четири ипол или пет години наназад точките за избор и именвуања од Комисијата биле секогаш први на дневен ред. Ако се лажам, еве ќе ги побараме белешките од седниците од минатиот состав. Барањето е сосема легитимно, затоа што и на Комисијата за избори и именувања посебно точките за дополнување на Одлуката за избор на претседател и за членови на Антикорупциската комисија поминаа едногласно, така што и таму немаше некоја расправа и овде не се очекува. Тоа се технички прашања кои вообичаено треба на почетокот на седницата да поминат, посебно што се работи за избор на битни тела за функционирање на целиот систем во Македонија, а загриженоста на колегата Најдовски, уште еднаш да кажам, требаше да ја покаже во минатиот состав кога 4 години неговата партија беше на власт и можеше толку многу да работи за економијата, но видовме што сработи. Сега подобро е да не ни продава тешки демагогии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Апелирам до пратениците да не земаат збор процедурално за да дискутираат пробелми постфактум, односно откако Одлуката е донесена со помош на процедурално чисти избори.

Објавувам пет минути пауза.

(Пратеникот Слободан Најдовски бара збор процедурално).

Завршив со процедуралните работи. Мојата опомена беше упатена на вас и на пратеникот Китаноски. Мислам дека тоа е излишно да се зборува.

Објавувам пет минути пауза.

(Пауза од 12,50 до 12,57 часот).

Продолжуваме со седницата.

Минуваме на точката ...

За процедурална интервенција се јави пратеникот Слободан Најдовски.

Повелете, ги имате вашите три минути процедурално.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседател, мојата интервенција секогаш кога се однесува за повреда на Деловникот секогаш била чисто процедурална, иако вие дозволивте на еден од колегите пратеници целосно надвор од процедура да го коментира моето излагање при процедурална забелешка. Вие дозволивте да се прекрши Деловникот на Собранието иако сте најповикан да се грижите за спроведување на одредбите од Деловникот.

И втората работа, дека сум потполно во право потврдува и тоа што вие го изгласавте дневниот ред, во кој овие точки порано биле напред, не ги ставивте како прва, втора и трета точка, туку расправавте до трета точка, па кога дојдоа точките за економијата застанавте.

Ве молам од сега да не дозволувате прекршување на Деловникот и преку процедурални забелешки да се навредуваат одреден број пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за дополнително објаснување што подразбирате точно под поимот “вие”, мислите на мене лично или на мнозинството, или и на мене и на мнозинството.

**Слободан Најдовски:** И на вас како составен дел на парламентарното мнозинство во овој Парламент.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам на објаснувањето.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за именување генерален секретар на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам господине претседателе.

Колеги пратеници, во однос на предлогот за именување генерален секретар сакам да го искажам ставот на СДСМ дека ќе гласаме за и очекуваме после изборот да биде генерален секретар на Собранието на Република Македонија, а не на парламентарното мнозинство, значи очекувам да имаме успешна соработка и да ја подобриме работата и ефикасноста на Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве благодарам и вам.

Бидејки повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Жарко Денковски да биде именуван за генерален секретар на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето во салата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

5

**Љубиша Георгиевски: (Продолжение)**

Во овој момент во салата има 64 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 61, еден воздржано, против нема.

Констатирам дека Жарко Денковски е именува за генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 7-Предлог за именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата**

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот Илми Сељмани да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, не знам дали ќе дозволите генерално да зборувам за изборот или сакате поединечно. Јас имам сериозни забелешки за несериозната работа што ја има направено Комисијата за избори и именувања.

Ако е целта да покажеме дека реално сакаме да се бориме против организираниот криминал и корупцијата, ваков предлог не смееше денеска да дојде. Ако имавме досега Комисија која си заминува каде што имавме, условно речено, двајца поранешни јавни обвинители или истакнати угледни правници како господинот Јован Трпеновски и покрај сите мои замерки за ликот и делото на господинот Михајло Маневски

или две дами кои беа репрезенти на борбата против корупцијата во невладиниот сектор како госпоѓата Слаѓана Тасева или Вања Михајлова, сега да одиме со ваков предлог, мислам дека е крајно несериозно. Мислам дека пратениците, за да можат да разговараат на оваа тема, не да бидат привилегирани само 9 члена на Комисијата за избор и именувања, треба да го земат списокот на 54 пријавени кандидати и да се види дека некој свесно, како што многу работи во оваа држава се прават свесно, сака да го сруши угледот на Комисијата .

Како прво со амандманот кој е протнат на мала врата да нема професионализација на функцијата, туку овие господа да бидат хонорарци. Реално, јас можам да говорам за колегите правници, направен е удар на еснафот, освен секоја чест на една пензионирана поранешка судијка на Врховниот суд која не знам зошто се срами да напише дека беше член на Државната изборна комисија во онаа славна ДИК кога госпоѓата Благородна Дулиќ беше таму и оние кои паметат, паметат што правеа.

Но, за мене е неразбирлив предлогот, ако некој досега се профилирал за борец против организираниот криминал, корупцијата и ако имал некој критериум, тоа би требало претседателот на Комисијата  Вељановски да образложи. Ако се договориле да има само еден пензионер и ја одбрале пензионерката поранешен судија во Врховниот суд госпоѓата Маркова-Муратовска да биде тоа, со што има таа подобри квалификации од даречеме Фиданчо Стоев или од Методија  Тошевски, независно дали мене ми се допаѓа или не како тој работел. Кога ќе ги погледнеме биографиите на пензионерите ќе најдеме многу поугледни правници, а меѓудругото и двајца поранешни членови на Парламентот. За мене тоа не е некој принцип на солидарност меѓу нас пратениците, но за свои поранешни колеги од кои двајцата се врвни членови на поранешната опозиција. Ефтим Манев и Жарко Караџоски да нема место овде за нив, јас сум просто збунет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Иљми Сељмани да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата има 66 пратеника.

59 гласале од кои за гласале 55, воздржани нема, 4 против.

Констатирам дека Иљми Сељмани е именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Отворам претрес по предлогот Ариф Муса да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ариф Муса да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници, гласале 60, 56 гласале за, воздржано гласале двајца, против двајца.

Констатирам дека Ариф Муса е именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Отворам претрес по предлогот Цветко Мојсовски да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Прво, сакам исто така да изразам разочарување дека како пратеници имаме добиено 7 предлози без да знаеме во процедурата кој се пријавил. Сега практично работиме по некакво дискреционо право на Комисијата за избори и именувања на која, како што видовме на телевизија, дојден е еден од владеачките партии и го соопштил предлогот. Тоа значи дека Парламентот нема увид, барем јас немам добиено од никого никаков допис за да видам кои се конкурирале за да можеме евентуално да спротивставиме мислења зошто мислиме дека треба еден, а не друг.

Меѓутоа, она што мислам дека заслужува особено внимание, господине претседателе, е следното. Од предлогот кој ни е доставен од Комисијата и еве скоро до половина помина со именувања, ние имаме од седумчлен состав дури четворица вработени во јавниот сектор и еден пензионер поранешен вработен во јавниот сектор. Тројца се со статус на државни службеници.

Како што знаеме Владата во последен момент го смени Законот за корупција пред да го поднесен овој предлог по огласот и членовите на Комисијата ги врати од професионално извршување на функцијата во волонтерско извршување на функцијата.

Сега сакам да ве прашам вас и предлагачот и сите себе да се запрашаме гласно, како мислите и како мислиме членовите на Антикорупциската комисија да работат по однос на можна корупција и нејзино спречување во државните органи кога мнозинството од Комисијата се вработени во државните органи на чие чело стојат министри од владеачката коалиција, логично.

Како мислиме тие да се борат против корупцијата, навистина не ми е јасно. Не сакам

заради јавноста да спомнувам кои од овие имиња се, меѓутоа, едниот е раководител на Сектор во Комисијата. Еден е раководител на Сектор во Министерството за финансии, еден е раководител во еден од фондовите, еден е уредник во јавно претпријатие каде власта ги именува по хиерархија од првиот надолу уредниците. Како мислиме да се тие најистакнати во борба против самите себе. Тоа не ми е јасно, тие ќе сносат санкции за било што. Тие се во рацете на министрите, директно именувани, секој ден седат на нивните колегиуми, секој ден со нив одлучуваат. Тоа не се државни службеници од низок карактер како соработници, советници, туку се на највисоки позиции. Сите се раководители на сектори. Тоа во поранешниот систем се викаше помошник министер. Сега тие треба да ја водат антикорупциската војна, можна, не прејудицирам дека мора да има, меѓутоа, оваа Комисија е прејудицирана комисија ако има против тие кои ги имануваа, јасно е дека во овој случај ќе се создаде антикорупциска комисија во која мнозинството ќе има политички и лични причини како што беше при еден случај на постојната Антикорупциска комисија во врска со еден функционер во Република Македонија и во тој момент и денес кој не го пријави целиот имот, беше јасно дека стекнал средства кои не ги пријавил, кои се многукратно поголеми од неговата плата што можел да ја остварува како министер и како пратеник и одеднаш Антикорупциската комисија тоа го аминуваше дека нема никаков проблем затоа што после видовме дека од Антикорупциската комисија се дренираат кадри во политичките структури како што е господинот Маневски кој беше на чело.

Од тие причини мислам дека е ова непристоен предлог од Комисијата во Собранието затоа што дава луѓе кои се зависни од оние кои треба да ги контролираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господине Вељановски реплика или збор? Збор.

Има збор господинот Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Добро е што пратеникот Никола Поповски зборува за антикорупциската комисија, добро е што зборува за корупцијата, но најдобро е да се потсети на својот збор кој го има кажано при крајот на 2002 година одкако ја избраа нивната антикорупциска комисија после еден месец одкако дојдоа на власт тој самиот кажа. На одговор на едно новинарско прашање до каде е корупцијата, тој рече нема повеќе корупција. Така го кажавте? Не да нема, туку сме на 105 место. Вие ја доведовте Република Македонија на105 место но, да не бегаме од темата. Вашето прашање беше процедурално. Согласно надлежности што ги има Комисијата за избори и именувања тоа било пракса и претходно, не да е пракса, туку норма која е ставена во Деловникот на Собранието, норма која е кажана со Одлуката за основање на постојани работни тела, во која од пријавените кандидати Комисијата за прашања на изборите и именувањата доставува предлог листа до Собранието. Тоа е задача на Комисијата. Вие ги избиравте членовите на ДИК. Така? Се пријавија поголем број од нив. Овде на Собранието се достави предлог листа од пријавени лица кои требаше во тој момент, мислам дека беа 70. Тоа не обврзува нас како Комисија за прашања на изборите и именувањата да предложиме предлог листа за Државната комисија за спречување на корупцијата. Од 54 кандидати кои се пријавија со голем степен на усогласеност од сите пратеници, само една пратеничка група имаше забелешка, вклучувајќи ја и опозицијата целосно беа за предлог листата која е доставена овде.

Дали вас ве информирале членовите кои се во Комисијата за прашања на изборите и именувањата со листата на целосно пријавени кандидати за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, мислам дека треба од вашата пратеничка група тоа да го побарате кај вашите членови кои членуваат во Комисијата. Тогаш ќе го добиевте одговорот како и на кој начин, кое лице преку кој принцип е предложено за да биде член на Комисијата.

Затоа мислам дека е добро ако имате забелешки по одредена личност која е предложена да ја изнесете не генерално процедурално да напаѓате поготово кога процедурата не е во ваша корист. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете Никола Поповски, вашите три минути за реплика.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Имаме типична ситуација. Инаку, господине Трајко ако сакате да зборуваме за корупцијата, кога бевте заменик министер за правда Македонија го доживеа процутот на корупцијата во Владата на ВМРО-ДПМНЕ во тоа време. Но, да не се навраќаме.

Јас дискутирав и прашав како мислите со предлог на антикорупциска комисија во која пет луѓе се вработени во јавниот сектор на високи позиции кои се контролирани од министрите на Владата на Република Македонија да се борат против корупцијата, вие зборувавте за сосема друго прашање. Воопшто на ова прашање не се осврнавте. Тој одговор го немате, јас знам како ќе работи таа антикорупциска комисија.

Дали може на пример во таа антикорупциска комисија да се покрене процедура за набавка на нафта со непосредна спогодба за министерот за финансии? Дали може во оваа антикорупциска комисија да се поведе постапка за склучување на договор за осигурување на МЕПСО и ЕЛЕМ со непосредна постапка без јавен тендер. Нема да може. Луѓето кои тука ги предлагате сите се именувани од луѓето за кои треба да се покрене таа постапка. Тие се именувани директно од нив и присуствуваат на нивните колегиуми, можат да ги сменат утредента.

Меѓутоа, на тие прашања господинот Трајко не дава одговор. Зборува нешто сосема поинаку, меѓутоа, знаете, ќе си помине време, се ќе си

дојде на свое место, ќе видиме како тоа функционира. Јас во ова не верувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута за Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Бидејќи ја спомна претходната власт од 1998 до 2002 година, јас кога бев заменик министер сме ја довеле Република Македонија до голем степен на корупција. Затоа претходно кажав ви благодарам, вие кога дојдовте на власт ја доведовте Република Македонија по корупција на 105 место. Вие ја доведовте во таа ситуација. Но, во однос на конкретното лице Цветко Мојсовски можеме да зборуваме, бидејќи е предлог да биде член на Државната комисија за спречување на корупцијата како раководител на Секторот во УЈП-Генерална дирекција Скопје кое е под надлежност на Министерството за финансии, не е поставен сега, поставен е уште во времето кога господинот Поповски беше министер за финансии. Не е направено некое унапредување, не е некоја заслуга која оваа власт треба да му ја пружи за да може да бара услуги. Треба сепак да веруваме на личносите кои се во државната администрација на нивната лојалност спрема Законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.



**Јагнула Куновска:** Јас само кратко, би сакала да кажам дека однапред не би требало и не може да не веруваме на личности и на тела кои ги избираме во ова Собрание. Тоа малку не е, како да кажам, не непристојно, туку звучи неугодно.

Не треба однапред да го осудуваме угледот на Комисијата, дека таа нема да работи како што треба. Тука не се работи за тоа дека во таа Комисија се луѓе кои се баш најдобрите, најугледните, дека другите кои конкурирале не се угледни, не се добри, односно се така игнорирани, па затоа и не упаднале во овој избор на Комисија.

Мислам дека во таа смисла никој не можел да донесе најправилна одлука. Најважно е што личностите кои што се избрани за оваа Комисија, појдовно од нивната евидентна биографија која што ја имаат оставено, заслужуваат внимание во смисол доверба дека во иднина ќе ја вршат задачата онака за која што се и одредени во оваа Комисија.

Едно прашање конкретно ќе одговорам јас. Ние забелешки на личности немаме тука, дека оваа личност, во смисол комунистрички ќе се изразам, е неподобна, макар што такво нешто исфралам од мојот речник и дискусија. Но, работите водат кон тоа. Забелешките се дека тие луѓе, кои треба денеска да бидат избрани се од јавната администрација. Ве молам, дали во конкурсот, така да речам, имало ограничување од јавната администрација, туку воопшто од која бранша можат да учествуваат кандидати за оваа Комисија. Ако немало ограничување, не знам зошто сомнеж и зошто однапред овие луѓе, кои се тука вработени, да ги исфрлиме? Значи ли тоа дека ние претендираме оваа Комисија да биде само од пензионери, од луѓе кои веќе го завршиле својот работен стаж, што јас лично предлагам такви да има и верувам во такви, но воопшто не сакам да кажам дека не верувам на луѓе кои се во својот дострел на работиниот век како истакнати, повеќето правници, бидејќи се тука, ќе речам правници или луѓе од било која друга струка.

Затоа мислам дека треба да бидеме конкретни. Ако имаме забелешки за личностите, да кажеме во што е забелешката. Да слушнеме сите иако треба да не ги избереме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Цветко Мојсовски да биде именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(На мониторот се евидентира дека нема доволен број на пристуни пратеници).

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Гласањето го прогласувам за неважечко.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Процедурална интервенција побара Влатко Ѓорчев, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Јас би ги замолил службите кои работат на ТВ преносот на оваа собраниска седница да го рашират уште малку кадарот и да се види убаво оваа собраниска сала. Нека се види, ве молам, би ги замолил уште еднаш службите кои вршат директен пренос на оваа собраниска седница, да дадат широк кадар во кој што ќе се гледа целата собраниска сала. И, уште малку пошироко да се види целата сала.

Значи, ги замолувам и новинарите кои се во фоајето, е ова е сосема добар кадар, благодарам, (кадарот е променет) не, не, ве молам додека зборувам сакам да биде така.

Ве молам, раширете го кадарот.

**Љубиша Георгиевски:** Молам да се удоволи барањето на пратеникот.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам.

Почитувани македонски граѓани,

Ова е сликата секој ден на македонското Собрание. Македонски граѓани, погледнете кој е

на своето работно место, а кој не е. Тука треба да седи Радмила Шекеринска, а таа, овој месец, во јануари се има појавено 15 минути. Радмила Шекеринска, во ноември се појави 24 минути и зеде плата 45 илјади денари. Ако некој граѓанин на Република Македонија отсуствува 3 дена од своето работно место, тој ќе биде отпуштен. А овие господа, овој СДСМ и ова ДУИ не работат и ги нема на своите работни места. Ова е сликата и приликата на присуството во Собранието, на кворумот и она што се нарекува целосна неодговорност.

(Смеење во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам, интервенцијата воопшто не е смешна. Поарно би рекол дека е многу трагична работата.

(Повеќемина пратеници бараат збор процедурално).

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Пратениците инсистираат да добијат збор процедурално).

Прво службите да достават точен број на пратенци во салата.

(Службите доставуваат точен број на пратеници во салата).

Во салата има 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

(На видеобимот е прикажана состојбата од гласањето)

Во салата има 62 пратеници, гласале 56, сите 56 гласале за.

Констатирам дека Цветко Мојсовски е именуван за член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Повелете процедурално Роза Топузова Каревска, Герамитчиоски Тале, Филипова Верица, Никола Поповски исто така процедурално. Одиме секој по три минути по тој редослед.

Повелете госпоѓо Топузова Каревска, вашите три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ова веќе ги надмина сите граници и е невидено што го направи почитуваниот колега Владимир Ѓорчев. Секако дека и вие му помогнавте во тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Со огромно задоволство.

**Роза Топузова Каревска:** Да. Очигледно дека ВМРО-ДПМНЕ апсолутно сака да се меша во сите работи што и не се во надлежност на државата. Се меша во Македонската православна црква, се меша во...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, тоа прво не е процедурално и не е тема...

**Роза Топузова Каревска:** Да, е процедурално.

Понатаму, исто така се меша во работата на Фудбалскиот сојуз на Македонија ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ова ви е втора дигресија. Ќе ви го одземам зборот. Има убави места каде можете да го искалите својот бес. Јас ве разбирам...

**Роза Топузова Каревска:** Апсолутно.

Почитуван претседателе, не ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве разбирам, има убави места каде можете да го искалите својот бес но, ова место не е тоа место.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе,

Прво, не доликува на претседател на Собрание не доликува да му каже на пратеник вашиот бес.

Воопшто не сум бесна. Го кажувам она што го мислам...

**Љубиша Георгиевски:** Многу ми е драго...

**Роза Топузова Каревска:** Во овој момент почитуваниот Владимир Ѓорчев ги повика медиумите, ги повика медиумите, значи дали имаат цел и намера и медиумите да ги стават по контрола? Но во тоа не верувам дека ќе успеат затоа што имаме, навистина, независно новинарство.

Потоа, за македонската јавност, почитуванит премиер, Никола Груевски, господинот Никола Груевски во минатиот мандат беше присутен на седниците за 4 години, 42 минути и 56 секунди, а земаше плата, секогаш онолку колку што другите земаат...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам без историски осврти.

**Роза Топузова Каревска:** Претседателе, ме прекинувате.

**Љубиша Георгиевски:** Јас имам податоци дека на Централниот комитет на ВМРО Даме Груев два пати има отсуствувано, ама тоа е далечна историја.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе, ме прекинувате.

Мислам дека ова не е театар, туку е Парламент. Овде работиме по Деловник, а не како што милувате.

Барам да ми се вратат минутите за кои ме прекинувавте.

Кажав колку бил присутен, па тоа ќе го цени македонската јавност.

И, не се работи за никаква историја, туку се работи за факти. Не беше тоа така далеку.

Токму поради тоа, сметам дека беше недолично забелешката на почитуваниот колега Владимир Ѓорчев и покрај неприсуството на тогашната опозиција ние успевавем да направиме кворум и да донесеме преку 1000 закони односно акти, вклучуваји 485 закони и останати акти...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Роза Топузова Каревска:** Ве молам, ми одземавте многу од времето...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Роза Топузова Каревска:** Не се доискажав, но има време повторно ќе земам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, бонус 20 секунди, се извинувам што ви одземав од времето. Повелете, продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** Видете, јас нема да продолжам затоа што не би сакала да водам дијалот овде со вас. Можевте да ме почекате да се доискажам, а потоа вие да влезете. Ова веќе не е долично, навистина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на комплиментот.

Герамитчиоски Тале има три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе,

Ова е по не знам кој пат да се злоупотребува местото на пратеник или говорницата во која што, не знам од кои причини и од кои побуди, не знам според кои членови од Деловникот се повикуваат и други пратеници или јавноста да просудува за работењето или присуството или отсуството на други пратеници, при тоа лечејќи сопствени фрустрации, да се смета дека ќе си го зголеми реномето во јавноста.

Ако има доблест и ако има еднаков аршин во животот да проценува и оценува кој колку работи, кој колку придонесува, кој дава такви ефекти, би требало тој аршин да биде еднаков кон сите пратеници и од опозиционата страна и од позицијата. Да погледне и кај коалиционите партнери и во сопствените редови, да оцени, да процени, колку минути кој присуствувал, кој отсуствувал, па да даде такви оценки.

Комплексите што му ги има наметнато Радмила Шекеринска веројатно кај него предизвикуваат некои чувства што не може да ги контролира долго време. По втор пат се случува и од друг пратеник кој и на вчерашниот настап го злоупотреби Парламентот и институцијата пратенички прашања ја употреби за друга намена. Да и напомене на јавноста дека опозицијата е онаа која го опструира Парламентот.

Ние немаме други механизми. Колегата Поповски ги посочи причините што се наведени по предлозите зошто кај нас предизвикуваат ваков револт. И самите вие, како претседател, во јавните настапи, имате соопштено дека е тоа легитимен инструмент на опозицијата во недостиг на други механизми, да не учествува по одредено прашање. Како тој не етикетира дека ние не присуствуваме тука и дека не даваме свој придонес или не сме на работините места?

Тоа е надвор од секаков вкус, од секакво правило. Јас би сакал, би сакал да не бидеме сите ставени под иста капа при давање оценки и проценки што не се валидни и би сакал, доколку можете, имате доблест, да го спречите во такви намери. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Еве го мојот краток одговор.

Тоа што сум го изјавил јас дека е тоа легитимно право на бојкот, стојам зад тоа, тоа е вистина легитимно, не затоа што јас го реков, туку затоа што тоа е вистина.

Меѓутоа, имате една кардинална грешка во вашата интервенција.

Пратеникот Ѓорчев не ве етикетира, тој ве евидентира со камера, со објективот на камерата што се нарекува објектив, за тоа што е објектив и во сите процеси и процедури се зема како апсолутно непобитен доказ. Ете, затоа тоа му го дозволив.

Сега повелете, госпоѓа Филипова Верица.

(Пратеникот Ѓорчев бара збор процедурално).

Барате збор процедурално? И овие се процедурални, ќе почекате господине Ѓорчев, по ред.

Сега е на ред Филипова Верица.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Јас ќе започнам со истиот вокавулар со кој што се послужи пратеникот Ѓорчев.

Почитувани граѓани на Република Македонија, ќе се вратам во историјата на македонскиот Парламент во периодот од 2002 до 2006 година.

Никола Груевски, пратеникот, присуствувал само 42 минути на седници на Парламентот, а за таа работа земал 35.200 евра...

**Љубиша Георгиевски:** Ова е вон од расправата.

**Верица Филипова:** 35.200 евра, за 4 години за 42 минути...

**Љубиша Георгиевски:** Ова е...

**Верица Филипова:** Ве молам не ме прекинувајте.

Исто така, би сакал да кажам дека пратеникот Ѓорчев, веројатно, се уште се замислува опозиција во Македонија и се уште се занимава со плукање по СДС.

Друго, би сакала да се обратам и до вас почитуван претседателе на Парламентот, дека слабо ви оди математиката. Не знаете елементарно броење. По 100-ти пат се случува да во салата има 59 пратеници, а вие објавувате дека има 63...

**Љубиша Георгиевски:** Оридинерна лага.

**Верица филипова:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако продолжите, ќе ви одземам збор затоа што имам евиденција...

**Верица Филипова:** Јас завршив.

**Љубиша Георгиевски:** Имам евиденција дека секогаш имало 61. Денеска по три пати повикувам. Тоа е оридинерна лага, ќе ви одземам збор.

Продолжете со процедуралната интервенција како што треба. Продолжете.

**Верица Филипова:** Завршив, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас завршив.
Повелете, Никола Поповски, вашите три минути.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Прво, сакам да соопштам дека нема потреба од никаква нервоза за во обраќањата од ваша страна кон дел од пратениците.

Второ, сакам, согласно со Деловникот да констатирам дека вие немате ист аршин кон настапувањето на пратениците, зависно од тоа дали се од вашата коалицаија или не.

Имено, јас сум многу загрижен поради фактот што секој од нас кој зема збор три минути за реплика или три минути, во овој случај процедурално, по неколку пати му се уфрлувате со навреди и кон госпоѓата Роза и кон госпоѓата сега Верица, што треба да не загрижи сите нас и вас. Неколку пати сакам од вас да извлечам да бидете претседател на Парламентот, а не на парламентарното мнозинство, меѓутао вие тоа очигледно нема да можете до крајот на мандатот да го остварите.

Трето, вие денеска воспоставивте една пракса, а таа пракса е дека со уредувачката политика на камерата на Македонската радио телевизија - трети канал по желба раководи некој од пратениците.

Се надевам дека ова како пракса нема да ја исклучите од сега натаму, туку на секое барање камерата да направи нешто што пратеник ќе помисли во тој момент, дека ќе го овозможите. И тоа директно вака, преку микрофон да кажуваме каде да се насочи. На пример, во овој момент може да се насочи каде е некој од владеачката коалиција што ги нема.

Четврто и клучно, изблливот на нервоза кај некој од пратениците од коалицијата за тоа дали е СДСМ присутен или не треба да биде кон СДСМ. Дали СДСМ е на работното место тука или на работното место во холот, бојкотирајќи ја работата на Собранието е работа. Ако донел некој одлука дека ќе го бојкотира работењето на Парламентот тоа е политичка оцена. Се надевам дека вие секој ден нема да го менувате мислењето и денеска за тоа нервозно да реагирате.

Меќутоа, она што загрижува е што владеачката коалиција, наоѓајќи се во ситуација дека катадневно, вклучувајќи го и денешниот ден, обезбедува кворум само ако СДСМ реши да присуствува па има нервоза, е тоа што треба да го загрижи ово Парламент. Имено, во нашиот Парламент има мнозинство од 72 пратеници кои припаѓаат на владеачкото мнозинство. Камерата треба да покаже зошто тие никогаш немаат кворум?

Имено, во овој Парламент некој има одговорност да размисли дали ќе бојкотира или не, согласно со своите политички убедувања. Некој има одговорност, особено ако е повикан од премиерот да се координира со сите пратенички групи како што пренесоа новините, да обезбедат мнозинство. Меѓутоа не може.

И сега, мене ми е совршено јасно тој кој самиот себе си во огледалото не може да се види како убавец кој се посакува, криво му е огледалото.

Парламентарното мнозинство нека не се нервира ако самото не може да обезбеди кворим.

А ова, со камерата, ќе го запомнам, па ќе видам кога јас ќе решам, дали вие на ист начин ќе се однесувате и кон моите предлози или само кон предлозите на мнозинството. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Кратеко само мој одговор на оваа интервенција.

Сметам дека најрелевантен дел од вашата интервенција е ова со камерата. Сакам “урбиет орби” да објавам дека повеќе цензура нема да има и дека секој пратеник ќе има право да управува со камерата, затоа што ако ништо друго овој пратенички дом треба да е до крај, немилосрдно транспарентен.

7

**Љубиша Георгиевски: (Продолжение)**

Според тоа, секој пратеник ја има мојата поддршка перманентно од сега до крај, доколку не исценира некаков редукција апсурдум, но за тоа има мерка. За другите работи одговара и стојам зад своите зборови. Јас бев жестоко навреден, ќе однесам матеруско сведителство дека имам завршено гимназија и знам да бројам до 61, а ми беше речено дека имам тешкотии со математиката, што не е ни математика, туку е аритметика. Фалсифицирање на факти, нема да дозволам. Фалцифицирање на факти,докажани со камера,со записник и со стенограм, нема да дозволам. Со тоа нема да се занимаваме во овој дом.

Следен за процедурална интервенција се јави господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Јас би замолил ако може да остане истиот кадар на камерата, а исто така би сакал да го кажам и следното. Кога зборуваме за нечие присуство или неприсуство на работа, најубаво се гледа преку оваа камера. 90% од пратениците на СДСМ сега влегоа, а во 90% од случаите ги има дупло помалку од ова. Значи, кога зборуваме за злоупотреба, злоупотреба е кога некој не е на своето работно место и кога го нема. Злоупотреба е кога некој е избран од граѓаните да седи во Парламентот и го нема. Злоупотреба е кога некој е платен од даночните обврзници да седи на работното место, а него го нема. Вас континуирано ве нема. Значи, јас само го констатирам она што е евидентно на камерата, тоа што го гледаме секојдневно, а тоа е дека секој ден има уште помалку пратеници од страна на СДСМ.Седејќи тука во ова Собрание, вие ја исполнувате онаа обврска која што ја имате кон Уставот и кон граѓаните, кон демократијата во Македонија, а не правејќи ни нас услуга за кворум или нешто слично. Вие сте се обврзале да седите во Собранието на Република Македонија, со тоа што сте се нафатиле да бидете пратеници. Ако Радмила Шеќеринска не сака да биде

пратеник, не мора, нека си поднесе оставка. Многу убаво се се гледа тука.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Завршивте со вашата процедурална инвервенција.

Од првиот турнус на процедуралните интервенции останува уште Оливер Спасовски. После тоа немам намера да губам време во вакви јалови дискусии. (Реакции од страна на пратениците во врска со процедуралните јавувања)

Овие новите пријавени за процедурална дискусија, со нив не се согласувам. Имате право за ова дека ако Ѓорчев доби две процедурални интервенции, имаат право тие што имаат по една процедурална интервенција, да добијат уште една.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе.

Навистина не ми е јасно како не можете да губите време за процедурални дискусии. Ако не можете да губите време за процедурални дискусии, поднесете оставка од местото претседател на Собранието, па работете нешто друго, каде што ќе го користите подобро вашето време.

Вие дозволивте оваа седница да не се одвива според Деловникот. Со тоа директно го повредивте членот 56, ставот 2 во кој што се вели дека претседателот се грижи за примената на Деловникот и дава појаснување во врска со неговата примена, за што може да побара мислење и од Комисијата за Деловнички и имунитетни прашања. Вие под наводна деловничка интервенција или процедурална дозволивте некој да дели лекции и да ги кара пратениците во Собранието, без разлика дали сега се однесува на опозицијата или пак на некој пратеник од власта. За тоа нема право.

Второ, за присуство на седниците, согласно членот 30 од Деловникот се води евидентен лист. Според тоа, не може пратеникот Владимир Ѓорчев да не евидентира преку камера. Доколку има таква намера да биде евидентичар, имате можност во систематизацијата да ставите такво место, па да го вработите во Собранието и нека не евидентира. Инаку, пратеникот е присутен на седниците тогаш кога ќе се потпише во евидентниот лист дека присуствува. Исто така, има право и длабоко демократски чин е и да ја напушти седницата и да биде во просториите на Собранието или надвор да ја врши функцијата пратеник, затоа што функцијата пратеник не се остварува само преку седење на пленарните седници. И, ќе ве молам, грижете се за Деловникот, за да не бидеме во ситуација да поставуваме 10 луѓе деловнички интервенции да интервенираме и на тој начин, како што вие викате, водиме јалова дискусија. Не водиме јалова дискусија. Дајте еднаш да ги ставиме работите во ред. Инаку, не може односно зошто тогаш формиравме и совет за собранискиот канал и тн. Ако може секој пратеник да командува, пред се, со вас, потоа и со собранискиот канал. Ќе ве молам, држете се до словото на Деловникот.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Весна Јанеска побара процедурална интервенција.

**Весна Јанеска:** Благодарам претседателе.

Им се обраќам на сите пратеници во Собранието на Република Македонија и да ги потсетам дека не постоиме сами за себе и да излеземе малку од овие простории, да прошетаме меѓу јавноста и да го чуеме нивниот глас, гласот на оние што не гласаа. Им дојдовме преку глава, народно кажано, ги цитирам луѓето. Со разноразни дискусии, кои не водат кон ништо и наместо навистина да отвориме дијалог овде во Собранието, ние ја заоструваме состојбата. Економските закони ни се преку потребни на луѓето и на оваа држава. Денес кога НАТО делегацијата е во Собранието, се случува ова што се случува, јас се срамам од ова што се случува се срамам од моите гласачи, се срамам пред вашите гласачи, се срамам пред НАТО делегацијата, ние сме штетни за оваа држава. И, ако навистина се погледнеме во огледалото, предпоставувам дека таму се гледаат фрустрации, злоба, лични интереси, а треба да се види работа за оваа држава. Јас се извинувам за емотивноста, но мислам дека за ова сите треба да имаат разбирање.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Немојте да се извинувате за емотивноста, само луѓето се емотивни, за разлика од животните.

Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете, вашите три минути.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Навистина, со жалење констатирам дека парламентарното мнозинство нема идеја, ниту како да ги закаже, ниту како да ги води седниците, па дури и за некои прашања кои што смета дека се приоритетни. Тоа го потврди денешната седица, кога еве и почитуван претседателе, ве видовме не само во улога на адвокат на Владата, како што понекогаш се случува, туку и како адвокат на пратениците. Мислам дека е најлошо за сите нас кога претседателот на Собранието се поставува во улога на адвокат на пратениците од парламентарното мнозинство или поточно од партијата на која што заеднички припаѓате.

Сметам дека е демократски ние како пратеници меѓусебно, бидејќи ги знаеме нашите права и нашите обврски да разговараме за прашања од интерес на граѓаните, а не за тоа дали е некој овде во салата или не. Но, кога вие веќе го започнувате разговорот на таа тема, мора да бидеме реални и да кажеме зошто пратениците од опозицијата сме принудени иако дојдени овде пред многумина од мнозинството и евидентирани први во евидентниот лист, да излегуваме од салата и да одиме во канцеларии, во сали да пребаруваме по точките на дневен ред и да се

подготвуваме за дискусии, затоа што секојдневно овде, со различни префрлања на точки на дневен ред, со итно закажување на седници со итни точки, немаме ред. Парламентот стана без возен ред, 101 седница започната, ниедна не завршена, по едни точки рсправаме, по други течат рокови за поднесување на амандмани доаѓаме овде итно се предлагат точки и мораме да се координираме, за да одиме да ги бараме во просториите овде во Собрание тие точки на дневен ред, за кои што вие ќе одлучите дека треба да се расправа, да ги видиме, за да можеме да се вратиме повторно во салата и да расправаме за тоа. Треба еднаш објективно да ги кажеме овие работи. Инаку, секогаш секој може да бара одговорност од другите точки.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Кратко сакам да кажам дека не е ваше право, ниту право на ВМРО ДПМНЕ да одлучува дали јас лично сум направил проценка дека треба да присуствувам тука или не. Моја е лична проценката дали за одреден закон ќе гласам, ќе зборувам, ќе молчам или ќе ја напуштам салата, со што ќе оневозможам да го донесете, за да не бидам надгласан. Вие си имате свои гласачи. Тие гласачи ве тераат да ги ставите во антикорупциска Комисија, луѓе кои се под контрола на власта. Јас имам други гласачи кои гласале за мене и кои ме спречуваат тоа да ви го овозможат. Ве молам, немојте вие да ни кажувате, ниту од мнозинството, ниту од говорницата на претседателската позиција дали имаме право на сопствена процена. Ако немам право на сопствена процена, ќе бев во некој друг Парламент, малку поисточно, многу поисточно од македонскиот.

И, уште нешто. Имам впечаток, претседателе, дека вие наместо да го парламентизирате Македонското собрание, вие лично со поддршка на еден пратеник имате намера да го ѓорчевизирате овој Парламент и да го потхранувате таквото однесување. Меѓутоа, сакам да соопштам дека ваквото континуирано кршење на Деловникот и оневозможувањето на опозицијата т.е. малцинството да може да размислува како што сака, доведува во позиција третата по број пратеничка група во овој Парламент веќе да размислува да го напушти Парламентот, со јавно соопштување дека Рамковниот договор и одредбите од Уставот се кршат секојдневно. Со ваков начин на работење, токму со ваков, занемарете го, продолжете понатаму. Ако тие го направат тоа, ако вие продолжете вака да го водите парламентот, јас ви гарантирам и ви гарантирам дека на крај ќе останете во еднопартиски парламент. Зашто, ние не сме тука должни постојано да седиме и секојдневно со кршење на процедурите и на правилниците и со мешање на работите да не доведувате во ситуација да се чувствуваме понижени и едноставно да не знаеме што сакаме да работиме во овој Парламент. Вие сега се обидувате да ни го одземете правото политички да оцениме дали треба да бојкотираме одредено гласање. Кога тоа си го дозволувате, се плашам дека сигурно одиме во погрешна насока. На пример, вчера имавме пратенички прашања на кои дветретини од Владата не присуствуваше, вклучувајќи го и премиерот на Владата. Не беше тука уште од 12,00 часот, од првото прашање што го постави Бучковски кон него до крајот на седницата да одговори, дали некој се обиде од вас да ја насочи камерата таму. Дали вие реагиравте дека ние еднаш месечно немаме дветретини од Владата на пратенички прашања да се одговори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Апропо вашиот последен аргумент, треба да ви кажам дека јас и господинот Бучковски, овде го предупредив, да нема лоша презункција околу ангажманите на премиерот, па сношти сите видовме на телевизија дека премиерот навистина имаше средба со 14 амабасадори. Таквите невистини, таквите повреди на фактицитетот, повеќе нема да ги допуштам. А, ако вие повредите на фактицитетот, сакате да ги изборите, тоа нема да ви успее, додека сум јас овде. Јас никогаш и на никому не сум рекол или да сум забранил да мисли. Неколку пати сум интервенирал на дигресии, што го научив од мојот драг колега Јордановски. Тоа е многу паметно и го научив и навистина е многу добро.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Значи, не говориме за вчерашниот ден, за моја лоша презункција, туку говориме за однос кон пратеникот Бучковски или кон пратениците.

Да ве потсетам првата седница кога правевме севте на пратенички прашања, имаше исто така протоколарни обврски премиерот Груевски. Замоли да оди на традиционалниот прием, каде што требаше да дојдат претставниците на верските заедници. Побара пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, преку Силвана Бонева ние да имаме разбирање, имавме. Но, јас кога некој скришум ќе замине од пратенички прашања, не можам да претпоставам каде оди, иако сакам вас да ви верувам дека има протоколарна обврска. Затоа што, протоколарната обврска можеше да биде најавена, ќе имавме разбирање и ќе направевме не еден час туку два часа пауза. Тоа е фер однос кон опозицијата.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И вие сте во право.

Сега, ве молам, давам пауза за ручек, а после паузата можете да зборувате процедурално.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,19 часот).

(Со седницата продолжи да работи Бесим Догани потпретседател на Собранието на Република Македонија.)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и пратеничката група на ДПА, заради закажани активности, молам денес да ја прекинеме седницата.

**Бесим Догани:** Добро, ја прекинувам денешната седница.

За продолжението ќе бидете известени дополнително.

(Седницата прекина со работа во 15,25 часот)

ДВ/ЛЈ 28 - 00